# 2024/403

**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2024/403 НА КОМИСИЈАТА**

**од 30 јануари 2024 година**

**за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 2017/373 во однос на дефиницијата за SIGMET и одредени услови за посебен лет по правилата за визуелно летање и за одобренијата од контролата на летање**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено од член 43(1), од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 2017/373([2]) на Комисијата ги утврдува заедничките услови за давателите на услуги за управување со воздушниот сообраќај/даватели на услугите во воздухопловната навигација (ATM/ANS) и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај (мрежни функции за ATM) за општиот воздушен сообраќај и нивниот надзор.

(2) Во Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012([3]) на Комисијата се утврдуваат заедничките правила на воздушниот сообраќај и оперативните одредби во однос на услугите и процедурите на воздухопловната навигација кои се применуваат во општиот воздушен сообраќај (таканаречените `правила на летање`). Одредени одредби од оваа регулатива поврзани со одредбите поврзани со службите за воздушниот сообраќај што се изменети и дополнети со Регулативата за спроведување (ЕУ) 2024/404([4]) на Комисијата.

---

(1) Сл. весник. L 212, 22.8.2018 година, стр. 1.

(2) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2017/373 на Комисијата од 1 март 2017 година за утврдување на заеднички услови за даватели на услуги за управување со воздушниот сообраќај/даватели на услугите во воздухопловната навигација и останати мрежни функции за управување со воздушниот сообраќај и за нивниот надзор, и за укинување на Регулативата (ЕЗ) бр. 482/2008 и регулативите за спроведување (ЕУ) бр. 1034/2011, (ЕУ) бр. 1035/2011 и (ЕУ) бр. 2016/1377 и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 677/2011, (Сл. весник бр. L 62, 8.3.2017 година, стр. 1.).

(3) Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 923/2012 на Комисијата, од 26 септември 2012 година, за утврдување на заедничките правила за летање и оперативните одредби во врска со услугите и постапките на воздухопловната навигација и за изменување и дополнување на Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 1035/2011 и регулативите (ЕЗ) бр. 1265/2007, (ЕЗ) бр. 1794/2006, (ЕЗ) бр. 730/2006, (ЕЗ) бр. 1033/2006 и (ЕУ) бр. 255/2010 (Сл. весник L 281, 13.10.2012 год., стр. 1).

(4) Регулатива за спроведување (ЕУ) бр. 2024/404 на Комисијата од 30 јануари 2024 година за изменување и дополнување на Регулативата за спроведување (ЕУ) бр. 923/202, што се однесува на

(3) Со цел да се гарантира конзистентноста, потребно е одредби од Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 што повикуваат да се изменат. Ова особено се однесува на одредена дефиниција на информации поврзана со значајните метеоролошки услови и одредени одредби за доделување на дозволи поврзани со посебните правила за визуелно летање („VFR“).

(4) Поради тоа, Регулативата за спроведување (ЕУ) 2017/373 треба соодветно да се измени.

(5) Со цел да се гарантира непречено спроведување на мерките воведени со оваа регулатива, а во исто време да се одржи високо и еднообразно ниво на безбедност во цивилното воздухопловство од Унијата, на индустријата и на надлежните органи на земјите-членки треба да им се даде доволно време да се прилагодат на мерките воведени со оваа регулатива. Според тоа, оваа регулатива треба да почне да се применува 12 месеци по нејзиното влегување во сила

(6) Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството и помогна на Комисијата во согласност со точките (б) и (в) од член 75(2) и член 76(1) од Регулативата (ЕУ) 2019/1139 а на 18 август 2023 година до Комисијата го поднесе поврзаното Мислење бр. 2/2023.

(7) Мерките предвидени со оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот за примена на заедничките правила за обезбедување во областа на цивилно воздухопловство воспоставени со член 127 од Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Анексите I, IV и VI кон Регулативата (ЕУ) бр. 2017/373 се изменуваат и дополнуваат во согласност со Анексот кон оваа регулатива.

Член 2

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Се применува од 1 мај 2025 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 30 јуни 2024 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

-----------

ажурирањата на релевантните одредби на ICAO, за завршување на постапката во случај на прекин на радио комуникација и за отстранување на додатокот кон Анексот на таа Регулатива Сл. весник бр. L 2024/404, 11.4.2024 година, стр. 1, ELI: http://data.europa.eu/eli/reg_impl/2024/404/oj ).

*АНЕКС*

Анексите I, IV и VI кон Регулативата (ЕУ) бр. 2017/373 се изменуваат и дополнуваат како што следува:

(1) во Анекс I, точката (93) се заменува со следново:

`(93) `SIGMET` е информација која ја издава службата за метеоролошко набљудување во врска со појава и очекувана појава на определени временски појави на утврдена рута и друг феномен во атмосферата, кои би можеле да влијаат врз безбедноста на летовите на воздухопловите, а во врска со просторниот и временскиот развој на тие појави;`;

(2) во Анекс IV, Поддел Б, точката ATS.TR.270 се заменува со следново:

(а) воведната фраза од точката (а) се заменува со следново:

„Вршење на специјални VFR летови во контролирана зона може да се дозволи со предмет на одобрение од ATC. Освен ако надлежниот орган издаде дозвола за хеликоптери во посебни случаи, како што се, но не и ограничено на, летови наменети на полицијата, за давање на итна медицинска помош, операциите за потрага и спасување или за гасење на пожари, се применуваат следниве дополнителни услови:“;

(б) точката (а)(3) се заменува со следново:

„(3) единицата на контролата на летање не смее да даде одобрение за специјален VFR лет на воздухоплов да полета од аеродромот во рамките на контролираната област, ниту пак слетување на таков аеродром, ниту влез во зоната на сообраќај на аеродромот или во аеродромскиот школски круг, кога пријавените метеоролошки услови на аеродромот се под следниве минимуми:

(i) видливоста на земја да не е помала од 1 500 м или, за хеликоптерите не е помала од 800 м;

(ii) плафонот (висината на базата на облаците) да не е помала од 180 м (600 ft).“;.

(3) во Анекс IV, Поддел Б, точката ATS.TR.330 NOTAM, точката (ѓ) се заменува со следново:

„(ѓ) Информациите за снег, кашест снег, мраз, слана, застоена вода или вода која потсетува на снег, кашест снег, мраз или слана на маневарската површина мора да бидат дадени преку SNOWTAM и содржи информации според редоследот кој е даден во образецот од Додатокот 3 од SNOWTAM.“

------